2022

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.03.2022Г

I Квартал

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД....................................................................................................3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 01.01- 31. 03. 2022 Г ....................................................................................................4

ПРИХОДИ ....................................................................................................4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2022 Г....................................................................................................5

ТРОШОЦИ ....................................................................................................6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ВО ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2022Г ....................................................................................................6
Трошоци за вработените....................................................................................................6
Патни и транспортни трошоци....................................................................................................7
Заеднички трошоци ....................................................................................................7
Програмски права....................................................................................................8
Останати трошоци од работење....................................................................................................9
Инвестиции ....................................................................................................9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2022 Г ....................................................................................................9

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2022г. ....................................................................................................13

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА, РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2022 Г....................................................................................................14

Побарувања од купувачите во земјата....................................................................................................14
Побарувања од купувачите во странство....................................................................................................15

СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2022 Г....................................................................................................16

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2022 Г ....................................................................................................17

# ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и / или интернет, со 24 часовно времетраење, дел од програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2022 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 243.242.730 денари и расходи во износ од 254.392.365 денари при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 11.149.635 денари кој произлегува исклучиво од неисплатените и скратени финансиски средства кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност. Согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност, во 2022 година на ЈРП МРТ треба да и бидат исплатени средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, односно во 2021 година. Оттука, со оглед на тоа дека во 2021 година вкупните приходи во Буџетот на РСМ се реализирани во износ од нешто повеќе од 210 милијарди денари, произлегува дека во 2022 година приходот по основ на финансирање на радиодифузна дејност треба да биде поголем односно да изнесува околу 130.000.000 денари на месечно ниво наместо сегашните 55.875.000 денари кои МРТ ги добива. Законски предвидените 1% не се реализираат, односно МРТ добива дури и помалку од 0,5% од реализираните приходи на Буџетот на РСМ во 2021 година. Недостигот на финансиски средства негативно се одразува на севкупното работење на институцијата и создава потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски по основ склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи како и на обврските спрема вработените. Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2022 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи кај сите групи на трошоци.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.01-31.03.2022 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.01.-31.03.2021г. | | Финансиски план 2022г. | | Остварување 01.01.-31.03.2022г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **208,345,666** | **100.0** | **1,029,900,000** | **100.0** | **243,242,730** | **100.0** | **116.7** | **23.6** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **240,611,369** | **115.5** | **1,021,900,000** | **99.2** | **254,392,365** | **104.6** | **105.7** | **24.9** |
| Трошоци за вработени | 114,821,901 | 55.1 | 491,850,000 | 47.8 | 115,855,902 | 47.6 | **100.9** | **23.6** |
| Патни и транспортни трошоци | 454,750 | 0.2 | 6,020,000 | 0.6 | 532,702 | 0.2 | **117.1** | **8.8** |
| Заеднички трошоци | 26,956,804 | 12.9 | 162,960,000 | 15.8 | 41,497,991 | 17.1 | **153.9** | **25.5** |
| Програмски права | 94,597,143 | 45.4 | 293,700,000 | 28.5 | 83,635,799 | 34.4 | **88.4** | **28.5** |
| Останати трошоци од работење | 3,780,771 | 1.8 | 67,370,000 | 6.5 | 12,869,971 | 5.3 | **340.4** | **19.1** |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-32,265,703** | | | | **-11,149,635** | | | |

# ПРИХОДИ

Во првото тримесечје од 2022 година во тековното работење на МРТ остварени се приходи во вкупен износ од 243.242.730 денари.

Приходот за финансирање на радиодифузна дејност, кој како основен извор на финансирање по Одлука на Владата на РСМ а согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 132/17), МРТ го добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација, во првиот квартал од 2022 година е остварен во износ од 167.625.000 денари. Во однос на претходните години кога на месечно ниво МРТ добиваше 74.500.000 денари, во анализираниот период од 2022 година овие средства се значително намалени и по овој основ исплатувани се средства во износ од 55.875.000 денари месечно.

Во истиот период, исто така од Буџетот на РСМ но по основ на финансирање на програмски и техничко технолошки развој остварен е приход во вкупен износ од 62.800.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.539 денари што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2022 година за оваа намена.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 557.198 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 3.819.849 денари или остварување од 19,1% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата, пред се, ги опфаќа приходите по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ и приходи од позитивни курсни разлики, потоа приходи од камати, дополнително утврдени приходи од минати години и слично.

Приходот по основ на судски одлуки за предмети кои се завршени во корист на МРТ изнесува 16.715 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) е остварен во износ од 8.356.429 денари што е реализација од 11.1% во однос на планираните средства во Финансискиот план за 2022 година за оваа намена и 30,8% повиска реализација во однос на остварувањето во истиот период од минатата 2021 година.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.01 – 31.03.2022 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.01-31.03.2021г. | Планирани приходи за 2022г. | Остварени приходи 01.01-31.03.2022г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 25.0 | 68.9 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | | 254,400,000 | 62,800,000 | 0,0 | 24.7 | 25.8 |
| Закупнини | 50,271 | 500,000 | 67,539 | 134.3 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 347,190 | 3,000,000 | 517,314 | 149.0 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции,отстапени права и сл.) | 74,924 | 2,000,000 | 39,884 | 53.2 | 2.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години) и сл. | 33,778,086 | 20,000,000 | 3,819,849 | 11.3 | 19.1 | 1.6 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 79,646 | 1,500,000 | 16,715 | 21.0 | 1.1 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 6,390,549 | 75,000,000 | 8,356,429 | 130.8 | 11.1 | 3.4 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **208,345,666** | **1,029,900,000** | **243,242,730** | **116.7** | **23.6** | **100.0** |

# ТРОШОЦИ

Во текот на периодот 01.01-31.03.2022 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 254.392.365 денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01-31.03.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 114,821,901 | 491,850,000 | 115,855,902 | 100.9 | 23.6 |
| Патни и транспортни трошоци | 454,750 | 6,020,000 | 532,702 | 117.1 | 8.8 |
| Заеднички трошоци | 26,956,804 | 162,960,000 | 41,497,991 | 153.9 | 25.5 |
| Програмски права | 94,597,143 | 293,700,000 | 83,635,799 | 88.4 | 28.5 |
| Останати трошоци од работење | 3,780,771 | 67,370,000 | 12,869,971 | 340.4 | 19.1 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **240,611,369** | **1,021,900,000** | **254,392,365** | **105.7** | **24.9** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 0 | 8,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **8,000,000** | **0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **240,611,369** | **1,029,900,000** | **254,392,365** | **105.7** | **24.7** |

## Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени во првото тримесечје од 2022 година бележи остварување во вкупен износ од 115.855.902 денари или 23,6% во однос на средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 114.842.724 денари, потоа трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право за пензија и кои изнесуваат 58.812 денари како и трошоците за разни видови надоместоци за вработените (помош во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, наградувања и сл.) во износ од 179.406 денари како и трошоците за редовни здравствени прегледи на вработените во износ од 546.400 и трошоците за едукација (обуки од разни области, учество на советувања, семинари и слично) реализирани во износ од 228.560 денари. Просечната плата во анализираниот периодод од 2022 година изнесува 36.026 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 532.702 денари и истата е реализирана со 8,8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2022 година за оваа намена.

Од реализираните патувања во странство би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во: Брисел- снимање на документарен филм за македонскиот уметник Киро Урдин, Париз- известување од концертот на македонскиот пијанист Симон Трпчевски со виолинистот Максим Вангеров, Подгорица, Букурешт и Белград – активности во врска со Евросонг 2022 година, Подгорица – учество на регионална конференција на тема Програма за поддршка на јавните сервиси, Истанбул, Љубљана и Белград – средби и состаноци со потенцијални партнери и продуценти во врска со снимање на серија за Тоше Проески, Париз – снимање по повод настапот на танцовиот театар од Скопје во францускиот театар Шајо, Палермо – известување од фудбалскиот натпревар Ителија-Македонија, Белград и Загреб- известување од велосипедската тура Вера Тур 2022г, Базел – снимање на спортска репортажа по повод бокс мечот помеѓу Фато Вукшина и Гвидо Николас Пито, Порто - известување од фулбалскиот натпревар Португалија – Македонија, Анкара – присуство на тркалезна маса и Конгрес на жени лидерки. Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари како фудбал, одбојка, кошарка, ракомет но и за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

## Заеднички трошоци

Во првиот квартал од 2022 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 41.497.991 денар што е реализација од 25,5% на финансискиот план за 2022 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за канцелариски материјали во износ од 66.680 денари, трошоците за енергија – електрична и топлотна во вкупен износ од 8.154.311 денари, трошоците за фиксна и мобилна телефонија и интернет во вкупен износ од 778.556 денари како и трошоците за аудио и видео линии неопходни при пренос на програмата а остварени во износ од 789.697 денари. Во рамките на планираните средства остварување бележат и трошоците за обезбедување на објектите и одржување на хигиена во просториите во вкупен износ од 1.492.281 денар, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на објектите и опремата во МРТ во вкупен износ од 172.548 денари, трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 249.864 денари како и трошоците за одржување на возилата во износ од 43.079 денари. Трошоците за комунални услуги исто така се реализирани во рамки на планираните износи и истите вкупно изнесуваат 1.159.953 денари, додека пак за опремата и другите основни средства

кои МРТ ги користи во своето тековно работење пресметани се трошоци за амортизација во износ од 15.227.142 денари. Трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 107.401 денар и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство по основ на тековни плаќања на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично. За надомест на трошоците за одржани седници на членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се векупно 1.659.002 денари а истите се пресметуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат и трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок, данок на имот и сл.) со остварување во износ од 731.086 денари кои произлегуваат од плаќањата кон странство во анализираниот период а по основ на откупена филмска и спортска програма. Трошоците за камати од работење и затезни камати остварени се во износ од 1.708.173 денари а негативни курсни разлики во овој период остварени се во износ од 155.742 денари и истите произлегуваат и се пресметуваат според промените на вредноста на валутите во кои МРТ врши плаќања на своите обврски спрема странските добавувачи. Во оваа група спаѓаат и дополнително утврдените расходи од минати години кои се остварени со износ од 8.814.579 денари и кои опфаќаат расходи по основ на фактури доставени од комитентите во анализираниот период а се однесуваат на договори склучени во минати години.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 83.635.799 денари што претставува 28.5% реализација на планираниот износ со финансискиот план за 2022 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како ЕХФ ЕП 2022 година – ракомет, уметничко лизгање, фудбалски натпревари како Македонски фудбалски куп – Македонска фудбалска лига, ЗОИ 2022 година и слично, фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 14.482.252 денари.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 13.345.018 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за откуп на права за пренос на Виенски концерт, лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на права за емитување на емисии од разни области и за сите програмски сервиси на кои се емитува ТВ програмата (детски, едукативни, документарни) меѓу кои емисиите со наслов 7 минути здравје, Знаете ли, Студио 3, Агенда 35, Заеднички поглед кон Европа, Технолошки центар, 20 секунди, пренос на 94-то доделување на филмската награда Оскар и слично .

За откуп на права за емитување на филмови и серии од најразлични жанрови реализирани се трошоци во износ од 11.619.310 денари.

Трошоците за реализација на копродукциски проекти изнесуваат 41.775.820 денари и опфаќаат договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од

областа на музиката, сообраќајот, истражувачко новинарство, забавно-контактни емисии, детски емисии (како ТВ проект Жиле (Т), Народни приказни на албански јазик, ТВ серија Преспав, Авантурите на пиратите- образовен серијал за деца, Артс Црафтс-емисија за деца, копродукција за документарен филм Ракетно моделарство и долгометражен филм - Кајмак и слично.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 12.869.971 денар и истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 101.703 денари, трошоците за технички услуги потребни при пренос на разни видови на програма особено спортска а реализирани во износ од 1.994.159 денари, понатаму трошоците за авторски договори во износ од 3.195.851 денар кои се неопходни за надоместување на континуираниот недостиг од нови вреаботувања, трошоците за обезбедување на сателитски сегмент во износ од 938.075 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.966.063 денари и трошоците за мало авторско право – ЗАМП кои изнесуваат 2.629.081 денар.

## Инвестиции

Во делот на планираните инвестиции во нова опрема и други инвестиции, со Годишниот финансиски план на МРТ за 2022 година планирани се 8.000.000 денари но, во првиот квартал од годината нема фактурирана реализација за започнатите постапки за јавни набавки, односно истите се во тек

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.01 - 31.03.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,годишен одмор, боледување,платено отсуство) | 113,990,539 | 476,000,000 | 114,842,724 | 100.7 | 24.1 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 10,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 277,664 | 3,700,000 | 58,812 | 21.2 | 1.6 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство и други трошоци) | 548,978 | 750,000 | 179,406 | 32.7 | 23.9 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 450,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 600,000 | 546,400 | 0.0 | 91.1 |
| Трошоци за едукација | 4,720 | 250,000 | 228,560 | 4,842.4 | 91.4 |
| Трошоци за вршење на PCR (за корона вирус) тестови на вработените | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **114,821,901** | **491,850,000** | **115,855,902** | **100.9** | **23.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 275,602 | 1,800,000 | 212,744 | 77.2 | 11.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 66,413 | 2,200,000 | 185,085 | 278.7 | 8.4 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 12,096 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сопствено возило за службени потреби | 5,833 | 220,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 34,400 | 200,000 | 20,700 | 60.2 | 10.4 |
| **Вкупно 2** | **394,344** | **5,520,000** | **418,529** | **106.1** | **7.6** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 60,406 | 300,000 | 114,173 | 189.0 | 38.1 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **60,406** | **500,000** | **114,173** | **189.0** | **22.8** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **454,750** | **6,020,000** | **532,702** | **117.1** | **8.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 0 | 1,000,000 | 6,257 | 0.0 | 0.6 |
| Технички материјал | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **0** | **2,600,000** | **6,257** | **0.0** | **0.2** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 124,329 | 1,350,000 | 66,680 | 53.6 | 4.9 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **124,329** | **1,900,000** | **66,680** | **53.6** | **3.5** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 0 | 21,000,000 | 2,514,437 | 0.0 | 12.0 |
| Трошоци за топлотна енергија | 0 | 11,500,000 | 5,639,874 | 0.0 | 49.0 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 164,620 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **164,620** | **35,500,000** | **8,154,311** | **4,953.4** | **23.0** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 57,430 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 7** | **57,430** | **2,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 58,853 | 600,000 | 95,036 | 161.5 | 15.8 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 301,094 | 2,200,000 | 484,218 | 160.8 | 22.0 |
| Трошоци за интернет | 115,876 | 800,000 | 199,302 | 172.0 | 24.9 |
| Поштарина | 4,791 | 300,000 | 34,938 | 729.2 | 11.6 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 6,793 | 10,000,000 | 789,697 | 11,625.2 | 7.9 |
| **Вкупно 8** | **487,407** | **13,900,000** | **1,603,191** | **328.9** | **11.5** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 409,519 | 4,500,000 | 791,361 | 193.2 | 17.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 189,384 | 3,500,000 | 112,598 | 59.5 | 3.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 3,500,000 | 59,950 | 0.0 | 1.7 |
| Одржување на возила | 65,858 | 2,500,000 | 43,079 | 65.4 | 1.7 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Одржување на GPS, ситен инвентар и автогуми | 3,257 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 166,576 | 1,000,000 | 249,864 | 150.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 597,080 | 3,700,000 | 700,920 | 117.4 | 18.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 300,000 | 8,247 | 0.0 | 2.7 |
| **Вкупно 9** | **1,431,674** | **19,150,000** | **1,966,019** | **137.3** | **10.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,035 | 30,000 | 1,280 | 123.7 | 4.3 |
| Дератизација и дезинсекција | 3,900 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 0 | 950,000 | 205,239 | 0.0 | 21.6 |
| Трошоци за вода | 0 | 3,300,000 | 953,434 | 0.0 | 28.9 |
| **Вкупно 10** | **4,935** | **4,580,000** | **1,159,953** | **23,504.6** | **25.3** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 28,456 | 1,200,000 | 66,128 | 232.4 | 5.5 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 3,458 | 300,000 | 1,815 | 52.5 | 0.6 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 5,168 | 0.0 | 3.4 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **31,914** | **2,100,000** | **73,111** | **229.1** | **3.5** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 16,052,515 | 58,000,000 | 15,227,142 | 94.9 | 26.3 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 354,911 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **16,407,426** | **58,000,000** | **15,227,142** | **92.8** | **26.3** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **1,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 61,555 | 500,000 | 2,348 | 3.8 | 0.5 |
| **Вкупно 14** | **61,555** | **500,000** | **2,348** | **3.8** | **0.5** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 4,273 | 1,700,000 | 219 | 5.1 | 0.0 |
| **Вкупно 15** | **4,273** | **1,700,000** | **219** | **5.1** | **0.0** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 176,764 | 500,000 | 107,401 | 60.8 | 21.5 |
| **Вкупно 16** | **176,764** | **510,000** | **107,401** | **60.8** | **21.1** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | | 150,000 | 19,787 | 0.0 | 13.2 |
| **Вкупно 17** | **0** | **270,000** | **19,787** | **0.0** | **7.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови па надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 2,317,137 | 9,000,000 | 1,659,002 | 71.6 | 18.4 |
| **Вкупно 18** | **2,317,137** | **9,000,000** | **1,659,002** | **71.6** | **18.4** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 3,014,886 | 2,700,000 | 731,086 | 24.2 | 27.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 183,406 | 300,000 | 610 | 0.3 | 0.2 |
| **Вкупно 19** | **3,198,292** | **3,000,000** | **731,696** | **22.9** | **24.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 123,000 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **123,000** | **400,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 1,002,631 | 1,500,000 | 8,814,579 | 879.1 | 587.6 |
| **Вкупно 21** | **1,002,631** | **1,500,000** | **8,814,579** | **879.1** | **587.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,242,579 | 3,000,000 | 1,708,173 | 137.5 | 56.9 |
| **Вкупно 22** | **1,242,579** | **3,000,000** | **1,708,173** | **137.5** | **56.9** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 102,748 | 1,500,000 | 155,742 | 151.6 | 10.4 |
| **Вкупно 23** | **102,748** | **1,500,000** | **155,742** | **151.6** | **10.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра надвор од тендерска постапка | 18,090 | 850,000 | 42,380 | 234.3 | 5.0 |
| **Вкупно 24** | **18,090** | **850,000** | **42,380** | 234.3 | 5.0 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **26,956,804** | **162,960,000** | **41,497,991** | **153.9** | **25.5** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 4,598,091 | 19,000,000 | 11,619,310 | 252.7 | 61.2 |
| Останати програмски права | 10,796,860 | 59,500,000 | 13,345,018 | 123.6 | 22.4 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 2,413,399 | 0.0 | 96.5 |
| Надомест за фестивали | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 54,239,489 | 98,000,000 | 14,482,252 | 26.7 | 14.8 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 24,962,703 | 113,300,000 | 41,775,820 | 167.4 | 36.9 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **94,597,143** | **293,700,000** | **83,635,799** | **88.4** | **28.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 14,998 | 800,000 | 45,039 | 300.3 | 5.6 |
| **Вкупно 26** | **14,998** | **800,000** | **45,039** | **300.3** | **5.6** |
| ***27) Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 241,608 | 400,000 | 101,703 | 42.1 | 25.4 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 4,000,000 | 1,994,159 | 0.0 | 49.9 |
| Трошоци за опремување сцена | 0 | 1,200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти, стручни мислења и слично) | 14,854 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.01-31.03.2021г. | Финансиски план 2022г. | Остварување 01.01-31.03.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 0 | 16,000,000 | 3,195,851 | 0.0 | 20.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 199,368 | 3,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за награди од фестивали и други награди | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за обезбедување на сателитски сегмент | 0 | 9,200,000 | 938,075 | 0.0 | 10.2 |
| **Вкупно 27** | **455,830** | **38,450,000** | **6,229,788** | **1,366.7** | **16.2** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 653,867 | 10,000,000 | 3,966,063 | 606.6 | 39.7 |
| Котизации и акредитации | | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,656,076 | 13,500,000 | 2,629,081 | 99.0 | 19.5 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **3,309,943** | **28,000,000** | **6,595,144** | **199.3** | **23.6** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **0** | **120,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **3,780,771** | **67,370,000** | **12,869,971** | **340.4** | **19.1** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **240,611,369** | **1,021,900,000** | **254,392,365** | **105.7** | **24.9** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 0 | 8,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **0** | **8,000,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **240,611,369** | **1,029,900,000** | **254,392,365** | **105.7** | **24.7** |

## Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2022г

**Состојбата на *денарските* сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2022г изнесува:**

- Комерцијална банка 1.223.893 денари
- Халк банка 4.110.142 денари
- Стопанска банка 916.272 денари
- Тутунска банка 856.669 денари
- Шпаркасе банка 29.971 денар
- Силк Роад банка 165.781 денар
- Прокредит банка 299.874 денари

***Вкупно на сметки : 7.602.602 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.03.2022 година изнесува:**

- Стопанска банка 129 УСД
- Комерцијална банка 10.284 ЕУР
  2.388 АУД
  391 ДКК
- Прокредит банка 10.024 ЕУР

## СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.03.2022 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | **2,078,330,531** | **2,084,334,860** | **100.3** |
| **Побарувања од купувачите во странство** | **41,083,080** | **42,000,463** | **102.2** |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | **-2,106,382,784** | **-2,104,971,871** | **99.9** |
| **Вкупно:** | **13,030,827** | **21,363,452** | **163.9** |

### Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,037,439,870 | 2,041,956,635 | 100.2 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 40,890,661 | 42,378,225 | 103.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,066,738,952 | -2,065,328,039 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **19,006,821** | **164.0** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,025,159,414 | 2,023,748,501 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 8,082,137 | 14,297,230 | 176.9 |
| - радио и телевизиски услуги | 113,627 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 103,720 | 137,856 | 132.9 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода, струја, закуп) | 3,574,018 | 3,366,094 | 94.2 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за РА и ТВ реклами и услуги, закупнини, ел. Енергија и др.) | 40,890,661 | 42,378,225 | 103.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,066,738,952 | -2,065,328,039 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **19,006,821** | **164.0** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.03.2022 година изнесуваат вкупно 2.356.631 денар а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.03.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство ( тужени побарувања од отстапени права ) | 36,011,931 | 37,962,714 | 105.4 |
| - ТВ услуги | 541,233 | 541,830 | 100.1 |
| - технички услуги | 2,816,646 | 2,863,432 | 101.7 |
| - побарувања од закупнини | 16,822 | 16,841 | 100.1 |
| - отстапени права | 1,093,692 | 196,546 | 18.0 |
| - фестивали во странство | 316,951 | 131,481 | 41.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 285,805 | 287,619 | 100.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата на побарувања | -39,643,832 | -39,643,832 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **1,439,248** | **2,356,631** | **163.7** |

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2021 год. | состојба на 31.03.2022 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **384,053,871** | **393,453,813** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 104,195,178 | 101,674,961 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,561,202 | 49,606,625 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 37,459,332 | 29,440,985 |
| Обврски спрема вработените | 26,612,577 | 26,393,377 |
| Обврски за авторски договори | 9,627 | 0 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 151,352,374 | 149,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 673,711 | 811,760 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 11,843,590 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг ММИ, УЈП) | 28,192,900 | 24,519,437 |
| **Долгорочни обврски** | **192,177,436** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 8,375,445 | 8,375,445 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 35,218,866 | 35,218,866 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 148,583,125 | 148,583,125 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **576,231,307** | **585,631,249** |

Состојбата на вкупните обврски на 31.03.2022 година изнесува 585.631.249 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2021 година се намалени за 9.399.942 денари.

## СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.03.2022 г изнесува вкупно 698 лица, што е помалку за 6 лица во однос на состојбата на 31.12.2021 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | 1 | 38 | 323 | 11 | 307 | 0 | 21 | 3 | 704 | |
| 31.03.2022 | 1 | 38 | 320 | 11 | 304 | 0 | 21 | 3 | 698 | -6 |
| структура 31.03.2022г.(%) | 0.1 | 5.4 | 45.8 | 1.6 | 43.6 | 0.0 | 3.0 | 0.4 | 100.0 | |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.03.2022 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | 489 | 148 | 26 | 21 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 704 | |
| 31.03.2022 | 484 | 146 | 26 | 22 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 698 | -6 |
| структура 31.03.2022г. (%) | 69.3 | 20.9 | 3.7 | 3.2 | 0.9 | 0.7 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | |

Во текот на првото тримесечје 2022 година во ЈРП МРТ има 3 нововработени лица и тоа: 1 новинар 3 со ССС, 1 стручен соработник со ВСС и 1 советник на Директорот на ЈРП МРТ со ВСС. Едно лице - снимател на тон 1 со ССС е заминато во пензија, едно лице - новинар 1 користи неплатено отсуство од работа, додека, едно лице ИТ Инженер доби отказ на Договорот за вработување поради недоаѓање на работа подолго од три дена а по истекувањето на периодот за користење на неплатено отсуство од работа.

Скопје, Мај 2022 година